## Забрана за ангажирање на подизведувачи:
Со прифаќање на овој налог се обврзувате дека нема да ангажирате подизведувачи за овој транспорт без наша писмена согласност.

## Дотовар:
Се забранува дотовар на друга роба кога закупуваме цело возило без наша писмена согласност. Во случај на кршење на оваа одредба Карго-Партнер се ослободува од обврската за плаќање на транспортот и има право на надомест на штета / изгубената добивка од превозникот.

## Заштита на клиентот:
На превозникот му се забранува контактирање со клиентот без наша согласност, под закана за надоместок на штета и загубениот профит во случај да се прекрши оваа одредба!

## CMR осигурување:
Со прифаќање на овој налог, потврдувате дека поседувате CMR осигурување по западно-европски стандарди со покритие на целосната вредност на натоварената роба, што мора да биде поткрепено со документ на наше барање.
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОВОЈ НАЛОГ МОЖЕТЕ ДА КОРИСТИТЕ САМО ВОЗИЛА ЗА КОИ СТЕ НИ ДОСТАВИЛЕ ЦМР ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ. ВО СЛУЧАЈ ДА НЕ СЕ ИСПОЧИТУВА ОВАА ОДРЕДБА ГО ЗАДРЖУВАМЕ ПРАВОТО ДА ГО ПОНИШТИМЕ ОВОЈ НАЛОГ ЗА ТРАНСПОРТ И ДА ПОБАРАМЕ НДОМЕСТ ЗА ШТЕТАТА КОЈА Е НАСТАНАТА ПОРАДИ ВАШИОТ ПРПУСТ.

## Безбедносни регулативи:
Застанувањето е дозволено исклучиво на паркинг местата кои се препорачани од страна на IRU (листа на паркинзи на: www.iru.org)
Транспортерот е должен да:
- избере возило и возач во духот на добрата бизнис пракса;
- континуирано да ја проверува техничката исправност на возилото, и во најкус временски рок да ги поправи видливите недостатоци;
- да изврши проверка дали возачот поседува валидни дозволи за сите земји низ кои ќе транзитира, да е со психофизичка спремност за извршување на транспортот, возилото ги задоволува сите критериуми за возење по патиштата низ кои ќе транзитира;
- да ја осигура безбедноста на утоварот, посебно за време на застанувањето. Доколку возачот е присилен да го напушти возилото, возилото мора да биде заклучено и опремено со адекватен систем на заштита. Возилото не смее да биде без надзор повеќе од 2 часа.
- веднаш да ги пријави сите случувања кои можат да допринесат до обештетување.

Транспортерот и возачот мора да ги следат сите напишани инструкции за транспорт на опасна роба.
Кога возилото влага во простор за утовар или истовар, возачот мора стриктно да ги почитува безбедносните регулативи кои важат на тоа место.
Празниот контејнер да се врати во соодветното пристаниште/депо следниот работен ден после истовар – доколку не е поинаку известено на писмено

## Известување:
Транспортерот е должен да го извести карго-партнер за секое доцнење, причини, времето за доцнење и процена на нова временска опција за извршување на овој налог. Задолжително да се достави линк за следење на возилото на карго-партнер, или доколку нема задолжително да се јави позицијата на камионот секој работен ден од 09-10 часот на карго-партнер.

## Плаќање:
Плаќање во рок од 45 дена по доставена оригинална документација вклучувајќи фактура и два (2) примерока на оригинални заверени ЦМР-и или Товарни листови. Освен во случај на посебен договор за соработка каде е наведена валутата на плаќање.
Доколку цената за транспорт е договорена во странска валута, износот на фактурата ќе се пресмета согласно средниот курс на НБРМ на денот на фактурирање.
Во цената се вклучени сите патни трошоци врзани за патарини, гранични премини, транзитни документи, терминали и сл.
За лесна и брза обработка на фактурата, ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ФАКТУРАТА НАШИОТ РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ ОД НАЛОГОТ! Во спротивно истата нема да се евидентира.

## Законски регулативи:
Со прифаќање на овој налог за транспорт, транспортерот се обврзува да се придржува и почитува сите локални закони и прописи на земјата низ која транзитира или врши достава/утовар, Карго-партнер нема да се смета за одговорен во случај доколку истите не се испочитуваат.

## Останати одредби:
Со прифаќање на налогот за транспорт гарантирате за превземената количина на роба. Транспортерот се обврзува во случај на непријавување или погрешно пријавување на пратката на одредена Царинска испостава, да ги надомести на Карго-Партнер сите трошоци (евентуални казни, трошоци за постапката, надоместоци и секој вид финансиски плаќања) кои произлегуваат од постапката на царински прекршок и царински давачки.
Транспортерот се обврзува да ги поседува сите важечки дозволи кои се потребни за непречено извршување на транспортот од овој транспортен налог.
Возилото и возачот мора да поседуваат важечка дозвола за земјата на утовар/истовар, како и транзит земји. Возилото мора да биде потполно исправно и опремено за превоз на роба согласно инструкциите на овој налог.
Во случај на утовар на АДР роба возилото и возачот мора да ги исполнуваат АДР условите и да поседуваат соодветна опрема. Во случај на неисполнување на АДР условите врзани за возилото или возачот, утоварот не би можел да се изврши и за превозот нема да се признаат никакви дополнителни трошоци (автоден, дополнителни извозени километри и сл.)
Транспортерот ги гарантира роковите за превоз од овој налог. Во случај на задоцнување превозникот е должен на Карго-партнер да му ја надомести настанатата штета и изгубената добивка, без ограничување. Транспортерот се ослободува од вината за каснење во транспортот, ако во текот на извршување на транспортот дојде до вонредни ситуации: виша сила, застои на граничните премини, одлуки и постапки на странски и домашни царински и управни органи кои се важни во тек на транспортот.
Рокот за транспорт може да се продолжи само за времето во кое вондредни околности траат.
Во случај да му се признае авто ден на транспортерот, Карго-партнер ја ограничува својата одговорност на износ од: 80 ЕУР за празно возило и 120 ЕУР за полно возило / Авто ден (за 13,6 м возила - церада или ладилник). Ослободеност од авто-денови: 24 часа при утовар, како и 24 часа при истовар на роба.
Во случај на откажување на налогот од ваша страна:
- до 24 часа пред планираниот утовар ќе бидете задолжени за мин 15% од договорената цена за транспорт или мин. 300 еур.,
- до 48 часа пред планираниот утовар ќе бидете задолжени за мин 8% од договорената цена за транспорт или мин. 100 еур.

Со превземање на овој налог се обврзувате дека ќе не известите за статусот на утовар и истовар, задолжително ќе ни доставите копии од документи и фотографии од истовар на пратката преку линк во транспортниот налог или по е-маил.
Доколку од било која причина не можете да обезбедите потврда/документ по завршување на транспортот, копија од документ е неопходно да доставите ретроактивно и тоа не покасно од:
- 24 часа од договорениот датум на утовар/истовар
- Ист момент за сите моментални статуси за Итни налози преку телефон/емаил

Доколку горенаведените услови за достава на копија од документ и извествување на статус не се испочитуваат, го задржуваме правото да ја намалиме договорената цена за транспорт во износ од 15 Еур.
Во случај на спор по овој налог надлежен е Основен Суд Скопје 1